Објавен во весник на 08.05.2023

Врз основа на член 37-е и член 37-и од Законот за јавните претпријатија (Сл.весник на РМ бр. 38/96,6/02,40/03,49/06,22/07,83/09,97/10,6/12,119/13,41/14,138/14, 25/15,61/15, 39/16 и 64/18, 35/19 и Сл.весник на РСМ 275/19,89/22), а во соглсност со член 20-г и 21 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. весник на РМ бр. 27/14,199/14,27/16 ,35/18, и 198/18 и Сл. весник на РСМ број 143/19 и 14/20,) и Одлуката за утврдување потреба од работници за засновање на работен однос на неопределено време бр.04-631/1 од 04.05.2023 година,Директорот на ЈП ,,Кратово"Кратово, објавува

...за комунални ... инфраструктура „Кратово"
04-640
05.05 2023 год.
Кратово

**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2023**

за вработување **на неопределено време** на давателиа на јавна услуга и помошни технички лица во ЈП ,,Кратово"Кратово за следниве работни места:

1. **Утоварач на отпад, КДР 0305 В02 033 во** Одделение за управување на гробишта и одржување на инфраструктура (давател на услуга), најмалку ниво на квалификации I или основно образование, со или без работно искуство во струката, основна нето плата 20.175,00 денари, **1 (еден) извршители.**
2. **Евидентичар**, КДР 0305 Б04 049 во Одделение за управување на гробишта и одржување на инфраструктура (давател на услуга) , најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четири годишно средно образование (гимназија или средно стручно образование) - со или без работно искуство во струката, основна нето плата 20.175,00 денари **-1 (еден) извршител.**
3. **Курир,** КДР 0405 А03 001 во одделение за одржување на градски пазар, јавно осветлување и комунална хигиена, ( помошно-техничко лице), најмалку ниво на квалификации I или основно образование, со или без работно искуство во струката, основна нето плата 20.175,00 денари- **1 (еден) извршител.**
4. **Работник чувар за одржување на гробишта**, КДР 0402 А03 005 во Одделение за управување на гробишта и одржување на инфраструктура, (помошно-техничко лице) најмалку ниво на квалификации I или основно образование, со или без работно искуство во струката, основна нето плата 20.175,00 денари. **1(еден) извршител.**

**Општи услови:**

-да е државјанин на Република Северна Македонија,

-активно да го користи македонскиот јазик,

-да е полнолетен,

- да има општа здравствена способност за работното место и

-со правосилна судска одлука да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Работно време 40 часа неделно од 06:00 до 13:00 часот од понеделник до петок и сабота од 6:00 до 11:00 часот за утоварач на отпад и за чувар за одржување на гробишта, а за останатите од 7:30 до 15:30 часот од понеделник до петок.

**НАПОМЕНА:** Предвидени вработувања согласно годишниот план на институцијата за 2023 година се: Македонец(ка)

Рокот за пријавување изнесува **15 денови** сметано од денот на објавување на огласот. Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.Пријавите можат да се прибават од архивата на ЈП Кратово,а истиот е објавен и на веб станата: https://jpkdikratovo.mk/ .

Пополнетите пријави заедно со прилозите(оригинал или заверени на нотар), кандидатите може да ги доставaт лично во архивата на ЈП "Кратово"-Кратово или по пошта на адреса:ЈП "Кратово"-Кратово, ул.Св. Горѓи Кратовски бр.4, тел.031/488-074.

Постапката за селекција на пријавените кандидати се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, проверка на приложените докази во пријавата и интервју.Пријавените кандидати на јавниот оглас, ќе бидат известени за времето и местото на одржување на интервјуто.

Кандидатите кон пријавата треба да приложат: уверение за државјанство, доказ за завршено образование; доказ за работно искуство; доказ за општа здравствена способност за работното место; доказ дека не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Ненавремената, нецелосната и неуредно пополнета пријава, нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата за спроведување на постапка за вработување.

ЈП " Кратово"-Кратово Директор Златко Стојановски

# Пријава за вработување во ЈП Кратово

| | |
|---|---|
| Број на оглас | 01/2023 од 08.05.2023 |
| За Работно место | |
| Име и презиме | |
| Адреса и место на живеење | |
| Матичен број | |
| Контакт телефон | |
| Е-маил адреса | |
| Припадност на заедница | |

Изјава за исполнување на општите услови за работното место со ДА/НЕ

| | |
|---|---|
| Да е државјанин на РСМ | ДА / НЕ |
| Активно да го користи македонскиот јазик | ДА / НЕ |
| Да е полнолетен | ДА / НЕ |
| Да има општа здравствена способност за работното место | ДА / НЕ |
| Со правосилна пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност | ДА / НЕ |

Други документи:

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

Потврдувам под кривична и материјална одговорност дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази се оригинал односно верни на оригиналот.

Согласен сум известувањата да ми бидат доставени на:
1.Е-маил; 2. СМС порака; 3. На наведената адреса

_______________2023 година

Подносител: _______________